**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
**Су-04 број 134/21-5**
**03.10.2022 година**
**Неготино**

Претседателот на Основен суд Неготино Билјана Толова, врз основа на член 39 и член 88 од Законот за судовите, а согласно член 113 став 3 од Судскиот Деловник, по одржаната седница на судии на ден 30/10/2022 година и доставените мислења од судиите, на ден 03/10/2022 година донесе

# ОДЛУКА ЗА

## ИЗМЕНА и ДОПОЛНУВАЊЕ НА Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино за 2022$^{-ра}$ година

Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино за 2022 година се менува и дополнува во делот на распоредување на предмети кај Претседателот на судот судија Билјана Толова и судија Лазар Ризов и тоа:

**1. Во точка 1 кај Претседателот на судот судија Билјана Толова се додаваат две нови алинеи:**
- сите ненасрочени парнични предмети распоредени кај судија Лазар Ризов од уписниците „Пл-1 П." и „РО" примени кај судијата од 01/01/2022 година и
- од 07/10/2022 година по парнични предмети од уписник „Пл-1П." „Малв.Пл-1П." и „РО"

**2. Во точка 3 кај судија Лазар Ризов:**
- алинеја 2 се брише во целост
- алинеја 5 се брише во делот „и приговори против платни налози" (уписник „Пл-1П." и „Малв.Пл-1 П.") и
- се додава: по парничните предмети од уписниците „Пл-1 П." и „РО" примени кај судијата заклучно со 31/12/2021 година.

3. Одлуката за измена и дополнување на Распоредот за работа ќе започне да се применува од 07/10/2022 година.

Примопредавањето на предметите со промена во АКМИС и физички преку парнична писарница меѓу судиите да се изврши најдоцна до 07/10/2022 година.

## О б р а з л о ж е н и е

Претседателот на судот, врз основа на член 39 и член 88 од Законот за судовите в.в. член 113 став 3 од Судскиот деловник, по одржаната седница на судии на ден 30/09/2022 година и доставените мислења од судиите, а следејќи ја диманиката на решавање на предмети од судиите, во насока на подобрување на ажурноста на ниво на судот, оцени дека е потребно да се измени и дополни Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите за 2022-ра година во Основен суд Неготино.

Имено, при одлучувањето за измената и дополнувањето, Претседателот на судот го имаше во предвид вкупниот број на нерешени предмети по судија, како и најавеното пензионирање на судија Лазар Ризов на 31/03/2023 година, па заради постигнување на поголема ажурност на судот до крајот на 2022 година, донесе одлука за измена и дополнување.

Основен суд Неготино, 03/10/2022 година.

**Претседател на**
**Основен суд Неготино**
Билјана Толова

**Правна поука:**
Против Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино дозволен е приговор во рок од 3 дена од денот на приемот преку овој суд до општата седница на Врховниот суд на РСМ.